37653
Sluzbeni vesnik nar. d. repub.
Makedonije
Skopje



СЛУЖ

НА ФЕДЕРАТИВНА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА ФНРЈ" излегува по потреба, во српско, хрватско, словенечко и македонско издание. — Огласи по тарифата. — Жиро сметка при Народната банка на ФНРЈ за претплата и одделни изданија бр. 1032-Т-220. за огласи 1032-Т-221.

Понеделник, 28 ноември 1955
БЕЛГРАД
БРОЈ 52 ГОД. XI

Цена на овој број е 30.— дин. — Претплатата за 1955 година изнесува 1200.— дин., а за странство 1700.— динари. — Редакција: Улица Краљевиќ'а Марка бр. 9 — Телефони: Редакција 28-838, Администрација 26-276, Продажно одделение 22-619, Тел. централа 28-010.

550.

# УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ ЗАКОНОТ ЗА РАДИОДИФУЗНИТЕ СТАНИЦИ

Врз основа на членот 71 точка 2 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото устројство на Федеративна Народна Република Југославија и за сојузните органи на власта, се прогласува Законот за радиодифузните станици, што го усвои Сојузната народна скупштина на седницата на Сојузниот собор од 10 ноември 1955 година.

ПР бр. 27
14 ноември 1955 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито,** с. р.

Претседател
на Сојузната народна скупштина,
**Моша Пијаде,** с. р.

# ЗАКОН
## ЗА РАДИОДИФУЗНИТЕ СТАНИЦИ

### I. Општи одредби

Член 1

Радиодифузијата што ја вршат радиодифузните станици е јавна служба.

Член 2

Радиодифузијата како јавна служба:

редовно ја известува јавноста за сите поважни настани во општествениот и политичкиот живот на Федеративна Народна Република Југославија, како и за поважните настани во светот;

создава и емитува уметнички, културни, научни, воспитни и други програми за задоволување на културните потреби на граѓаните и интересот на јавноста;

ги популаризира придобивките и достигањата на социјалистичкиот развиток на Федеративна Народна Република Југославија;

соработува на остварувањето просветните и воспитните задачи на установите и општествените организации.

Член 3

На радиодифузијата како на јавна служба општествената заедница и' обезбедува материјални средства во општествена сопственост.

Член 4

Радиодифузните станици се установи засновани врз начелата на општественото управување.

Радиодифузните станици ги остваруваат своите задачи во склад со законите и со други прописи.

Член 5

Врз дејноста на радиодифузните станици согласно се применуваат соодветните одредби од Законот за печатот.

Член 6

При вршењето на радиодифузијата радиодифузните станици се должни да се придржуваат кон прописите за радиосообраќајот, како и кон меѓународните договори и конвенции што се ратификувани односно одобрени од страна на надлежните органи на Федеративна Народна Република Југославија.

Член 7

Радиодифузните станици се правни лица.

Член 8

Секоја радиодифузна станица си има свои правила.

Член 9

Заради унапредување на радиодифузната служба радиодифузните станици се здружуваат во стручно здружение за целата територија на Федеративна Народна Република Југославија.

Сите радиодифузни станици задолжително се членови на здружението.

Поблиски прописи за здружувањето на радиодифузните станици донесува Сојузниот извршен совет.

Член 10

Заради усовршување на радиодифузијата и во склад со унапредувањето на радиодифузната мрежа Здружението на радиостаниците како и одделните радиостаници можат да воведуваат заеднички програми.

Сојузниот извршен совет може да определи сите радиостаници да пренесуваат дел од програмата од општ интерес за Федеративна Народна Република Југославија како целост.

Член 11

Одредбите на овој закон за радиодифузијата и за радиодифузните станици важат согласно за телевизијата и за телевизиските станици.

### II Основање и престанок

Член 12

Радиодифузна станица може да основе Сојузниот извршен совет или по негово овластување републичкиот извршен совет.

Член 13

Радиодифузните станици можат да имаат релејни радиодифузни станици како свои погони.

Релејните радиодифузни станици ја пренесуваат програмата на матичната радиодифузна станица а можат во склад со правилата на матичната станица да емитуваат и своја самостојна програма.

Односите меѓу релејната и матичната радиодифузна станица се регулираат со правилата на матичната радиодифузна станица.

Член 14

Радиодифузна станица може да започне со работа само ако нејзиното сместување, силата, должината на брановите и карактеристиката на анте-

ната се во склад со меѓународните прописи што се ратификувани односно одобрени од страна на надлежните органи.

Постоењето на условите од претходниот став го утврдува надлежниот државен орган.

Член 15

Радиодифузните станици се регистрираат кај народниот одбор на општината на чие подрачје се наоѓа нивното седиште.

Регистрацијата се врши според одредбите што важат за регистрација на установите со самостојно финансирање.

Член 16

Правилата на радиодифузната станица содржат одредби за организацијата и за органите на управувањето како и за нејзината работа и за начинот на работењето.

Организацијата, работата, начинот на работењето и управувањето на релејната радиодифузна станица се определуваат со правилата на матичната радиодифузна станица.

Член 17

Правилата на радиодифузната станица го пропишуваат особено:

1) изборот на членовите на советот и на управниот одбор што ги предлага односно избира работниот колектив;

2) начинот на финансиското работење;

3) расподелбата на фондовите;

4) видот на приходите што ги остварува станицата;

5) начинот на наградување на службениците и работниците;

6) дисциплинските прекршоци на службениците и работниците;

7) организацијата на администрацијата и систематизацијата на работните места.

Ако радиодифузната станица има релејна станица, со правилата се утврдува начинот на управувањето со релејната станица.

Член 18

Правилата на радиодифузната станица ги потврдува извршниот совет односно органот што ќе го овласти тој.

Член 19

Радиодифузна програма наменета за странство можат да даваат само оние радиодифузни станици што ќе ги определи Сојузниот извршен совет.

Член 20

Радиодифузната станица може да ја укине извршниот совет што ја основал.

### III. Управување

Член 21

Со радиодифузната станица управуваат советот, управниот одбор и директорот.

Член 22

Советот на радиодифузната станица се состои од девет до седумнаесет членови што ги именува основачот. Две третинки од членовите на советот се именуваат од редот на јавните работници а една третинка од редот на членовите на работниот колектив на станицата. Членовите од редот на работниот колектив ги предлага самиот работен колектив.

Директорот на радиодифузната станица по положбата е член на советот.

Членовите на советот се именуваат на две години.

Член 23

Основачот може одделни членови на советот да ги отповика и пред истекот на времето за кое се именувани, ако ја занемаруваат својата должност.

Член 24

Советот си избира претседател од редот на своите членови. Директорот на радиодифузната станица не може да биде претседател на советот.

Претседателот ги свикува, приготвува и им претседава на седниците на советот.

Претседателот ги свикува седниците по своја иницијатива или по барање на една третинка од членовите на советот или од директорот на радиодифузната станица. Ако претседателот по барање на една третинка од членовите на советот или на директорот не ја свика седницата во срок од осум дена, можат да ја свикаат членовите што барале свикување на седницата односно директорот.

Советот може да решава ако се присутни најмалу две третинки од членовите, а заклучоци донесува со мнозинство на гласовите од присутните членови.

Член 25

Советот на радиодифузната станица:

1) ги донесува правилата на радиодифузната станица;

2) го утврдува планот на емисиите и смерниците за програмата на радиодифузната станица;

3) ги претресува резултатите од работата и донесува заклучоци и смерници за работата на радиодифузната станица;

4) го утврдува предлогот на претсметката на приходите и расходите на радиодифузната станица и ја утврдува програмата на инвестициите;

5) решава за расподелбата на средствата од фондот за наградување на работниците и службениците и за употреба на средствата од другите фондови за кои е тоа со правилата предвидено;

6) одлучува за оснивањето и за укинувањето на релејна станица;

7) дава смерници за кадровската и персоналната политика;

8) ги назначува и сменува раководните службеници за кои е тоа со правилата определено, освен директорот;

9) решава по приговорите од службениците што ги назначува советот против решенијата по прашањата на службеничките и работните односи донесени од страна на директорот;

10) ја утврдува завршната сметка.

Член 26

Управниот одбор на радиодифузната станица се состои од пет до девет членови, кои од својата средина ги избира работниот колектив на станицата.

Членовите на управниот одбор се избираат на две години.

Директорот по положбата е член на управниот одбор.

Член 27

На седниците на управниот одбор им претседава директорот. Тој ги приготвува и свикува седниците.

Директорот ги свикува седниците на управниот одбор по своја иницијатива или по барање на една третинка од членовите на управниот одбор. Ако директорот по барање на една третинка од членовите на управниот одбор не ја свика седницата во срок од осум дена, можат да ја свикаат членовите што барале свикување на седницата.

Управниот одбор решава на седниците со мнозинство на гласовите од сите членови.

Член 28

Управниот одбор на радиодифузната станица:

1) се грижи за спроведување на заклучоците и смерниците на советот;

2) составува предлог на претсметката на приходите и расходите;

3) донесува заклучоци за организирање работата на станицата и дава смерници за материјалното и финансиското работење;

4) решава за употребата на средствата од фондот за замена и дополнување на основните средства и за големи поправки, и на другите фондови за кои е определено тоа со правилата;

5) му ја предлага на советот на станицата инвестиционата програма;

6) склучува договори за кредити во границите определени со правилата на станицата;

7) се грижи за правилната примена на прописите за работните односи, за наградувањето и за унапредувањето на персоналот;

8) решава за приговорите од службениците и работниците што ги назначува директорот против решенијата по прашањата на службеничките и работните односи, донесени од страна на директорот;

9) му предлага на советот расподелба на средствата од фондот за наградување на работниците и службениците;

10) ја составува завршната сметка.

Управниот одбор е должен поважните прашања од својот делокруг (предлог на претсметката на приходите и расходите, поделба на средствата од фондот за наградување и сл.) да ги изнесува претходно на расправање пред работниот колектив на радиодифузната станица поради сослушување мислењето на колективот.

Член 29

Директорот на радиодифузната станица го назначува основачот.

Член 30

Директорот непосредно раководи со работата на радиодифузната станица врз основа на законите и на другите прописи, на правилата на радиодифузната станица, како и на заклучоците на советот и на заклучоците на управниот одбор донесени во рамките на нивниот делокруг.

Директорот ја претставува станицата и ја застапува пред државните органи и пред третите лица.

Директорот назначува службеници и работници, освен оние службеници кои според одредбите од правилата ги назначува советот.

Директорот е наредбодавец за извршување на претсметката.

Член 31

Во раководењето со работите на радиодифузната станица на директорот му помагаат програмскиот одбор и другите стручни тела предвидени со правилата на станицата.

Делокругот и составот на програмскиот одбор и на другите стручни тела се определува со правилата на радиодифузната станица.

Член 32

Заклучоците на советот и на управниот одбор на радиодифузната станица се задолжителни за директорот.

Директорот може времено да запре од извршување заклучоци на советот односно на управниот одбор ако смета дека заклучокот не е во склад со прописите што важат, но е должен спорниот заклучок на советот без одлагање да му го достави заради конечно решавање на извршниот совет а спорниот заклучок на управниот одбор — на советот на станицата.

Член 33

Радиодифузната станица, како и релејната станица што има самостојна програма, мора да има одговорен уредник, а по потреба може да има и повеќе одговорни уредници. Ако има повеќе одговорни уредници за секој од нив мора да биде означено за која емисија е одговорен.

Радиодифузната станица и релејната станица што има самостојна програма должни се најмалу четиринаесет дена пред почетокот на работата да му поднесат на надлежниот окружен јавен обвинител пријава во која ќе го наведат фамилијарното и роденото име, занимањето и адресата на секој одговорен уредник. Овие станици се должни да му поднесат на јавниот обвинител пријава за секоја промена на тие околности во срок од дваесетичетири часа откога ќе настапи промената.

Одговорен уредник на радиодифузна или на релејна станица не може да биде лице кое според Законот за печатот не може да биде одговорен уредник.

## IV. Финансирање и финансиско работење

Член 34

Радиодифузните станици се финансираат од приходите од претплатата за користење на радиоприемници и од другите приходи предвидени со правилата на станицата како и од дотацијата на државниот орган.

Средствата за приготвување и изведба на редовната радиодифузна програма за странство се обезбедуваат од сојузниот буџет.

Член 35

Расподелбата на приходите од претплатата од територијата на народната република на одделни радиодифузни станици во републиката ја определува републичкиот извршен совет.

Член 36

Радиодифузната станица има своја претсметка на приходите и расходите која се одобрува како прилог кон соодветниот буџет.

Радиодифузната станица располага со свои приходи во границите на претсметката и на прописите што постојат.

Релејната радиодифузна станица има своја претсметка која влегува во претсметката на матичната станица.

Член 37

Секоја радиодифузна станица има фонд за замена и дополнување на основните средства и за големи поправки (фонд за замена и дополнување) и фонд за наградување на работниците и службениците.

Член 38

Во фондот за наградување може од вишокот на приходите остварен над планираниот да се внесе определен процент. Овој процент го определува органот што ја одобрува претсметката на приходите и расходите на станицата.

Член 39

Радиодифузните станици одговараат за своите обврски со средствата на својата претсметка на приходите и расходите и на својот фонд за наградување на работниците и службениците, а за обврските преземени во врска со основните средства од фондот за замена и дополнување.

Во случај обврските да не можат да се намират од овие средства, се намируваат од средствата на буџетот на народната република односно на федерацијата, ако органот што ја одобрува претсметката дал за тие обврски своја согласност.

Член 40

Завршната сметка на радиодифузната станица се одобрува како прилог едновремено со одобрувањето на соодветната завршна сметка за извршувањето на буџетот.

Член 41

На службениците и на работниците им се доделуваат награди и премии од фондот за наградување на работниците и службениците.

Органот што ја дава дотацијата определува дали и во кој размер можат да се даваат награди и премии од дотацијата.

## V. Радиопретплатата и отстранување на радиодифузните смеќавања

Член 42

Лицето што користи радиоприемник или друг уред наменет за прием на радиодифузни емисии

должно е да и' го пријави користењето на таквите уреди на определената радиодифузна станица и да плаќа претплата според пропишаната тарифа.

Износот на претплатата за користење радиоприемници и други уреди наменети за прием на радиодифузни емисии го утврдува со тарифа Сојузниот извршен совет.

Републичкиот орган на управата надлежен за прашањата на радиодифузијата го определува за секоја радиодифузна станица подрачјето од кое корисниците се должни да и' поднесуваат на таа радиодифузна станица пријава за користење на радиоприемници и на други уреди наменети за прием на радиодифузни емисии и да и' плаќаат претплата.

Член 43

Радиодифузната станица што врши наплатување на радиопретплата има право, во рамките на прописите што важат, преку своите овластени службеници да го контролира пријавувањето на радиоприемниците и другите уреди наменети за прием на радиодифузни емисии, да презема мерки кои без оштетување на радиоуредите спречуваат користење на непријавени или на одјавени радио уреди, како и да поднесува пријави до органите надлежни за казнување сторителите на прекршокот. Службениците на радиодифузната станица можат заради вршење контрола да влезат во приватен стан или во други приватни простории само ако за тоа имаат овластување од органот надлежен за внатрешни работи на народниот одбор на околијата.

Поблиски прописи за пријавувањето на радиоприемниците и за начинот на плаќањето на радиопретплатата донесува Сојузниот извршен совет.

Член 44

Забрането е да се употребуваат постројки или уреди чија работа предизвикува смеќавања при приемот на радиодифузните емисии, додека таквите постројки и уреди не се опремат со направи што ги спречуваат смеќавањата при приемот на радиодифузните емисии.

Сите постројки чија работа може да биде извор на смеќавања за прием на радиодифузна програма мораат да имаат уреди за отстранување на овие смеќавања.

Радиодифузните станици и корисникот на радиоприемник можат да подадат тужба до надлежниот суд со која ќе бараат да се отстранат смеќавањата од претходниот став.

Поблиски прописи за отстранувањето на радиодифузните смеќавања донесува Сојузниот извршен совет, односно органот што ќе го овласти тој.

Член 45

Корисникот на радиоприемник има право во согласност со одделните прописи да подигне антена за прием на радиодифузна и телевизиска програма.

## VI. Надзор

Член 46

Надзор во поглед законитоста на работата на радиодифузните и на релејните станици врши републичкиот извршен совет.

Надзорот од претходниот став го врши и Сојузниот извршен совет во границите определени со овој закон.

Член 47

При вршењето на надзорот републичкиот извршен совет односно Сојузниот извршен совет може:

1) да поништи или укине акт на советот или на друг орган на радиодифузната односно на релејната станица што му е спротивен на законот или на правилата на станицата, освен актите донесени во управната постапка;

2) да запре емитување на определена точка од програмата или на определен вид емисија, ако нивната содржина им е спротивна на меѓународните спогодби и конвенции, на другите меѓународни обврски на Федеративна Народна Република Југославија или на одржувањето на нормални односи со други земји.

По жалбите против актите што ги донесува радиодифузната станица во управната постапка во прв степен решава републичкиот односно сојузниот орган на управата надлежен за работите на радиодифузијата.

Член 48

Согласно одредбите на Законот за печатот надлежниот окружен суд по предлог од окружниот јавен обвинител може:

1) да забрани емитување на определена точка од програмата чија содржина е основ за забрана според одредбите од Законот за печатот;

2) сосема да забрани определен вид емисија ако одделни точки од нејзината програма најмалу трипати едноподруго судски се забранувани.

## VII. Казнени одредби

Член 49

За повреда на одредбите од членот 33 став 2 од овој закон одговорното лице во радиодифузната станица, во релејната станица што има самостојна програма или во телевизиската станица ќе се казни за прекршок со парична казна до 20.000 динари или со затвор до триесет дена.

Член 50

Со парична казна до 10.000 динари ќе се казни за прекршок тој што употребува постројки или уред чија работа предизвикува смеќавања при приемот на радиодифузни или телевизиски емисии.

За дејствието од претходниот став ќе се казни за прекршок правното лице со парична казна до 100.000 динари.

За дејствието од ставот 1 на овој член ќе се казни за прекршок со парична казна до 10.000 динари и одговорното лице во државниот орган, во установата или во правното лице.

Член 51

Со парична казна до 10.000 динари ќе се казни за прекршок физичко и правно лице кое користи непријавен радиоприемник или друг уред наменет за прием на радиодифузни емисии.

## VIII. Преодни и завршни одредби

Член 52

Се овластува Сојузниот извршен совет да донесе поблиски прописи за финансирањето и за финансиското работење на радиодифузните станици како и други прописи за извршувањето на овој закон

До донесувањето на тие прописи во поглед финансиското и материјалното работење на радиодифузните станици ќе се применуваат прописите за финансиското и материјално работење на установите со самостојно финансирање доколку со овој закон не е определено поинаку.

Член 53

До донесувањето на прописи за платите на службениците и работниците на радиодифузните станици, платите на работниците и службениците на радиодифузните станици ќе се определуваат според прописите што важат.

Член 54

Радиодифузните станици и релејните радиодифузни станици се должни во срок од три месеци по влегувањето во сила на овој закон да го сообразат своето работење со одредбите од овој закон.

Во срокот од претходниот став радиодифузните и релејните станици што постојат се должни да побараат согласност од Сојузниот извршен совет за натамошната работа.

Ако Сојузниот извршен совет не даде согласност за натамошна работа на одделна радиодифузна и релејна станица, ќе го определи денот кога таа станица престанува да работи.

Член 55

Одредбите од овој закон што се однесуваат на радиодифузните станици важат и за релејните ра-

диодифузни станици, доколку со овој закон за релејните станици не е определено поинаку.

Републичките прописи ќе ги регулираат во склад со одредбите на овој закон и на другите прописи работата и делувањето на разгласните станици.

Член 56

Со влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Уредбата за јавните радиодифузни станици и за радиодифузијата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 37/52).

Член 57

Овој закон влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

---

**551.**

Врз основа на чл. 5 ст. 3 од Уредбата за надворешнотрговското работење („Службен лист на ФНРЈ", бр. 25/55), по предлог од Сојузната надворешнотрговска комора, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗНОСИТЕ НА СРЕДСТВАТА ВО РЕЗЕРВНИОТ ФОНД И НА КАУЦИИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ НАДВОРЕШНОТРГОВСКИ РАБОТИ

I. Стопанските организации што се запишуваат во Надворешнотрговскиот регистар за вршење надворешнотрговски работи, мораат да ги имаат постојано на располагање во својот резервен фонд износите предвидени со оваа одлука.

II. Трговските претпријатија, заедниците и задругите што се запишуваат во Надворешнотрговскиот регистар за вршење работи на извоз и увоз во поодделни надворешнотрговски струки, мораат да имаат постојано на располагање во својот резервен фонд и тоа:

1) струката добиток, производи и преработки од добиток:

а) најмал износ од 2,000.000 динари за промет (извоз и увоз) до 100 милиони динари;

б) за поголем промет најмалиот износ се наголемува за 1‰ (еден од илјада), земајќи ги при тоа секои започнати 100 милиони динари како полн износ;

2) струката живина, јајца и пердув:

а) најмал износ од 1,000.000 динари за промет до 100 милиони динари;

б) за поголем промет најмалиот износ се наголемува како во одредбата под 1б);

3) струката жита и производи од жита:

а) најмал износ од 2,000.000 динари за промет до 100 милиони динари;

б) за поголем промет најмалиот износ се наголемува како во одредбата под 1б);

4) струката зарзават, овошје и преработки:

а) најмал износ од 1,000.000 динари за промет до 100 милиони динари;

б) за поголем промет најмалиот износ се наголемува според одредбата под 1б);

5) струката риби и преработки од риби:

а) најмал износ од 500.000 динари за промет од 50 милиони динари;

б) за поголем промет најмалиот износ се наголемува за 1‰ (еден од илјада), земајќи ги при тоа секои започнати 50 милиони динари како полн износ;

6) струката индустриско-прехранбени и колонијални производи:

а) најмал износ од 1,000.000 динари за промет до 50 милиони динари;

б) за поголем промет најмалиот износ се наголемува како во одредбата под 5б);

7) струката храна за добиток:

а) најмал износ од 1,000.000 динари за промет до 50 милиони динари;

б) за поголем промет најмалиот износ се наголемува како во одредбата под 5б);

8) струката индустриски растенија:

а) најмал износ од 2,000.000 динари за промет до 50 милиони динари;

б) за поголем промет најмалиот износ се наголемува како во одредбата под 5б);

9) струката лековити растенија:

а) најмал износ од 1,000.000 динари за промет до 50 милиони динари;

б) за поголем промет најмалиот износ се наголемува како во одредбата под 5б);

10) струката тутун и преработки од тутун:

а) најмал износ од 1,000.000 динари за промет до 50 милиони динари;

б) за поголем промет најмалиот износ се наголемува како во одредбата под 5б);

11) струката семенска стока:

а) најмал износ од 1,000.000 динари за промет до 50 милиони динари;

б) за поголем промет најмалиот износ се наголемува како во одредбата под 5б);

12) струката алкохолни и безалкохолни пијалоци:

а) најмал износ од 2,000.000 динари за промет до 50 милиони динари;

б) за поголем промет најмалиот износ се наголемува како во одредбата под 5б);

13) струката дрво и дрвни производи:

а) најмал износ од 1,000.000 динари за промет до 100 милиони динари;

б) за поголем промет најмалиот износ се наголемува за ½‰ (половина од илјада), земајќи ги при тоа секои започнати 100 милиони како полн износ;

14) струката хартија и канцелариски материјал:

а) најмал износ од 1,000.000 динари за промет до 50 милиони динари;

б) за поголем промет најмалиот износ се наголемува за ½‰ (половина од илјада), земајќи ги при тоа секои започнати 50 милиони како полн износ;

15) струката текстил и суровини:

а) најмал износ од 2,000.000 динари за промет до 100 милиони динари;

б) за поголем промет најмалиот износ се наголемува како во одредбата под 13б);

16) струката кожа, крзно и производи од кожа:

а) најмал износ од 1,500.000 динари за промет до 50 милиони динари;

б) за поголем промет најмалиот износ се наголемува според одредбата под 5б);

17) струката хемикалии:

а) најмал износ од 2,000.000 динари за промет до 100 милиони динари;

б) за поголем промет најмалиот износ се наголемува како во одредбата под 13б);

18) струката каучук, гума и пластични материи и нивни производи:

а) најмал износ од 1,000.000 динари за промет до 50 милиони динари;

б) за поголем промет најмалиот износ се наголемува како во одредбата под 14б);

19) струката стакло, порцелан и керамика:

а) најмал износ од 1,000.000 динари за промет до 50 милиони динари;

б) за поголем промет најмалиот износ се наголемува како во одредбата под 14б);

20) струката нафта, нафтини деривати и петролски хемикалии:

а) најмал износ од 2,000.000 динари за промет до 100 милиони динари;

б) за поголем промет најмалиот износ се наголемува како во одредбата под 13б);

21) струката медицински и фармацеутски производи и инструменти и ортопедски прибор:

а) најмал износ од 1,500.000 динари за промет до 50 милиони динари;

б) за поголем промет најмалиот износ се наголемува како во одредбата под 5б);

22) струката оружје, муниција, експлозиви и пиротехнички материјал:

а) најмал износ од 1,000.000 динари за промет до 100 милиони динари;

б) за поголем промет најмалиот износ се наголемува како во одредбата под 13б);

23) струката руди, метали, легури и неметали:

а) најмал износ од 2,000.000 динари за промет до 100 милиони динари;

б) за поголем промет најмалиот износ се наголемува како во одредбата под 13б);

24) струката сурово железо, челик леан, валјан, влечен, кован и пресуван, производи од метали и од челик:

а) најмал износ од 2,000.000 динари за промет до 100 милиони динари;

б) за поголем промет најмалиот износ се наголемува како во одредбата под 13б);

25) струката индустриски машини, постројки и метални конструкции и резервни делови:

а) најмал износ од 2,000.000 динари за промет до 100 милиони динари;

б) за поголем промет најмалиот износ се наголемува како во одредбата под 13б);

26) струката електрични машини, постројки, конструкции, делови и електричен материјал:

а) најмал износ од 2,000.000 динари за промет до 100 милиони динари;

б) за поголем промет најмалиот износ се наголемува како во одредбата под 13б);

27) струката бродоградбени постројки, конструкции и делови:

а) најмал износ од 1,000.000 динари за промет до 50 милиони динари;

б) за поголем промет најмалиот износ се наголемува како во одредбата под 14б);

28) струката моторни возила, мотори, делови, прибор и гуми:

а) најмал износ од 2,000.000 динари за промет до 100 милиони динари;

б) за поголем промет најмалиот износ се наголемува како во одредбата под 13б);

29) струката алати, инструменти и други производи од метал:

а) најмал износ од 1,000.000 динари за промет до 50 милиони динари;

б) за поголем промет најмалиот износ се наголемува како во одредбата под 13б);

30) струката индустриски утензилии:

а) најмал износ од 1,000.000 динари за промет до 50 милиони динари;

б) за поголем промет најмалиот износ се наголемува како во одредбата под 13б);

31) струката селскостопански машини, алат и резервни делови:

а) најмал износ од 2,000.000 динари за промет до 100 милиони динари;

б) за поголем промет најмалиот износ се наголемува како во одредбата под 13б);

32) струката инструменти научни и контролни:

а) најмал износ од 500.000 динари за промет до 50 милиони динари;

б) за поголем промет најмалиот износ се наголемува како во одредбата под 14б);

33) струката фотографски и кинематографски и оптички стоки:

а) најмал износ од 500.000 динари за промет до 50 милиони динари;

б) за поголем промет најмалиот износ се наголемува како во одредбата под 14б);

34) струката музички инструменти:

а) најмал износ од 500.000 динари за промет до 50 милиони динари;

б) за поголем промет најмалиот износ се наголемува како во одредбата под 14б);

35) струката производи на домашната дејност и на уметнички занаети:

а) најмал износ од 500.000 динари за промет до 50 милиони динари;

б) за поголем промет најмалиот износ се наголемува како во одредбата под 5б);

36) струката галантериски артикли:

а) најмал износ од 500.000 динари за промет до 50 милиони динари;

б) за поголем промет најмалиот износ се наголемува како во одредбата под 14б);

37) струката спортски реквизити:

а) најмал износ од 500.000 динари за промет до 50 милиони динари;

б) за поголем промет најмалиот износ се наголемува како во одредбата под 14б);

38) струката книги и печатени предмети:

а) најмал износ од 200.000 динари за промет до 50 милиони динари;

б) за поголем промет најмалиот износ се наголемува како во одредбата под 14б);

39) струката отпадоци:

а) најмал износ од 500.000 динари за промет до 50 милиони динари;

б) за поголем промет најмалиот износ се наголемува како во одредбата под 5б);

40) струката филателија:

а) најмал износ од 100.000 динари за промет до 50 милиони динари;

б) за поголем промет најмалиот износ се наголемува како во одредбата под 5б);

41) другите претпријатија (претпријатијата за снабдување на странски бродови, претпријатијата за вршење работи во пограничниот промет и сл.):

а) најмал износ од 1,000.000 динари за промет до 50 милиони динари;

б) за поголем промет најмалиот износ се наголемува како во одредбата под 14б).

III. Трговските претпријатија, заедниците и задругите што се запишуваат во Надворешнотрговскиот регистар за вршење работи на извоз и увоз во повеќе надворешнотрговски струки мораат да имаат постојано на располагање во својот резервен фонд износ што е предвиден за надворешнотрговската струка се најголем минимум на средствата во резервниот фонд.

За поголем промет износот од претходниот став се наголемува за 1‰ (еден од илјада), земајќи го при тоа за основа вкупниот промет на сите надворешнотрговски струки чие запишување се бара, со тоа секои започнати 100 милиони динари да се сметаат како полн износ.

IV. Производителните организации што вршат извоз на сопствени производи и увоз на репродукциони материјали и опрема за потребите на сопственото производство, мораат во својот резервен фонд да имаат постојано на располагање најмалу износ од 2,000.000 динари за промет (извоз и увоз) до 100 милиони динари.

За извршен поголем промет најмалиот износ се наголемува за 1‰ (еден од илјада), земајќи ги при тоа секои започнати 100 милиони динари како полн износ.

V. Домашните стопански организации што вршат работи на застапување странски фирми, мораат во својот резервен фонд да имаат постојано на располагање најмалу износ од 500.000 динари.

Стопанските организации од претходниот став што имаат и консигнациони складови на странски фирми, односно кои со странска фирма склучиле диларски или дистрибутерски договор, мораат во својот резервен фонд постојано да имаат на располагање најмалу износ од 1,000.000 динари за промет до 50 милиони динари.

За поголем промет најмалиот износ од претходните ставови се наголемува за ½‰ (половина од илјада), земајќи ги при тоа секси започнати 50 милиони динари како полн износ.

VI. Стопанските организации што вршат работи на меѓународно трговско посредување, мораат во својот резервен фонд да имаат постојано на располагање најмалу износ од 2,000.000 динари за промет до 100 милиони динари.

За поголем промет најмалиот износ се наголемува за ½‰ (половина од илјада), земајќи ги при тоа секои започнати 100 милиони динари како полн износ.

VII. Стопанските организации што вршат работи на меѓународна шпедиција, мораат во својот резервен фонд да имаат постојано на располагање најмалу износ од 1,000.000 динари, без оглед на прометот.

VIII. Стопанските организации што вршат работи на меѓународен транспорт на стоки (патен, речен, поморски или воздушен), мораат без оглед на прометот да имаат во својот резервен фонд постојано на располагање, и тоа:

1) за вршење патен меѓународен транспорт на стоки најмалу износ од 1.000.000 динари;

2) за вршење речен меѓународен транспорт на стоки најмалу износ од 1,500.000 динари;

3) за вршење поморски меѓународен транспорт на стоки најмалу износ од 2,000.000 динари;

4) за вршење воздушен меѓународен транспорт на стоки најмалу износ од 500.000 динари.

IX. Стопанските организации што вршат работи на контрола на квалитетот на стоките по договор мораат во својот резервен фонд да имаат постојано на располагање најмалу износ од 1,000.000 динари, без оглед на прометот.

X. Стопанските организации што вршат туристички работи со странство мораат во својот резервен фонд да имаат постојано на располагање најмалу износ од 500.000 динари, без оглед на прометот.

XI. Стопанските организации што се занимаваат со изведба на инвестициони работи во странство, мораат во својот резервен фонд да имаат постојано на располагање најмалу износ од 2,000.000 динари за промет до 100 милиони динари.

За поголем промет најмалиот износ се наголемува за 1‰ (еден од илјада), земајќи ги при тоа секои започнати 100 милиони динари како полн износ.

XII. Како основа за утврдување најмалите износи и дополнителните износи кои стопанските организации што вршат надворешнотрговски работи мораат постојано да ги имаат во својот резервен фонд, служи надворешнотрговскиот промет остварен во претходната година, и тоа според завршните сметки од претходната година, изразен во динари (според пресметковниот курс, со разлики според коефициентите, со прим и со курсни разлики).

Износите во резервниот фонд утврдени според одредбата од претходниот став, мораат во срок од еден месец по одобрувањето на завршните сметки да се сообразат со прометот во претходната година.

Како основа за утврдување најмалите износи и дополнителните износи во резервниот фонд за стопанските организации кои на денот на објавувањето на пречистениот текст од Уредбата за надворешнотрговското работење (15 јуни 1955 година) веќе биле запишани во Надворешнотрговскиот регистар, служи надворешнотрговскиот промет остварен во 1954 година, и тоа според завршните сметки за таа година изразен во динари (според пресметковниот курс, со разлики според коефициентите, со прим и со курсни разлики).

XIII. Стопанската организација која порано не се занимавала со надворешнотрговско работење, мора во моментот на запишувањето во Надворешнотрговскиот регистар да го има во резервниот фонд само предвидениот најмал износ.

На стопанската организација од претходниот став која нема средства во својот резервен фонд, може потребни средства во височина на предвидениот најмал износ да и' стави на располагање основачот.

XIV. Задругите што се запишуваат во Надворешнотрговскиот регистар за вршење работи на извоз и увоз можат и уплатените членски влогови од задругарите да ги користат за формирање на износот од чл. 5 точ. 5 од Уредбата за надворешнотрговското работење.

Одредбите од претходниот став се однесуваат и на претпријатијата основани од страна на задружните организации ако задружната организација им ставила на располагање средства од членските влогови на задругарите.

XV. Дополнителното наголемување најмалите износи во резервниот фонд не може да го премине вкупниот фактичен износ на резервниот фонд.

XVI. Запишаните заеми на федерацијата и на народните републики на товар на резервниот фонд се сметаат како расположиви средства во резервниот фонд ако не се употребени за други цели.

XVII. Стопанските организации што бараат запишување во Надворешнотрговскиот регистар мораат да положат (уплатат) кај Народната банка на ФНРЈ по 1,000.000 динари на име кауција за секој вид надворешнотрговска работа чие запишување се бара.

За запишување во Надворешнотрговскиот регистар на работи на застапништво на странски фирми, на меѓународна шпедиција, на меѓународен транспорт на стоки и контрола на квалитетот и квантитетот на стоки по договор, кауцијата изнесува по 500.000 динари за секој вид надворешнотрговска работа чие запишување се бара.

Стопанските организации што се запишуваат во Надворешнотрговскиот регистар за вршење работи на извоз и увоз во повеќе надворешнотрговски струки, мораат да положат (уплатат) кај Народната банка на ФНРЈ по 1,000.000 динари на име кауција за секоја надворешнотрговска струка чие запишување се бара.

Стопанските организации од претходниот став што бараат делумично запишување на повеќе надворешнотрговски струки (вршење извоз и увоз на еден или неколку артикли во рамките на една струка), а се работи за помалу важни артикли на односните струки, мораат да положат (уплатат) кај Народната банка на ФНРЈ по 100.000 динари на име кауција за секоја надворешнотрговска струка чие делумично запишување се бара.

Кои артикли на надворешнотрговските струки има да се сметаат како помалу важни во смисла на претходниот став, определува Сојузната надворешнотрговска комора.

XVIII. Претпријатијата што во поголем дел се занимаваат со внатрешен промет на стоки а не издвојуваат средства за самостојно располагање, можат за уплата на кауцијата да ги употребат средствата на инвестиционот фонд.

XIX. Уплатите на кауциите од точ. XVII на оваа одлука стопанските организации можат да ги вршат и од средствата што ги запишале на име заеми на федерацијата и на народните републики, но само

ако запишувањето на заемот е извршено од средствата што можат да се употребат за полагање на кауцијата.

XX. Одредбите од точ. XIV на оваа одлука важат и за формирање износите за уплата на кауцијата од страна на задругите и претпријатијата основани од страна на задружни организации.

XXI. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Р. п. бр. 404
24 ноември 1955 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Секретар,
**Вељко Зековиќ**, с. р.

Потпретседател,
**Светозар Вукмановиќ**, с. р.

## 552.

Врз основа на одделот 1 од главата XXVII и на одделот III од главата XXIX, а во врска со одделот 2 под б) главата II на Сојузниот општествен план за 1955 година, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ НАДОМЕСТУВАЊЕ (РЕГРЕС) ПРИ ПРОДАЖБАТА НА ВЕШТАЧКИ ЃУБРИЊА, СРЕДСТВА ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА, ВРЗУВАЧКИ, ГОРИВА И МАЗИВА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

1. Во Одлуката за давање надоместување (регрес) при продажбата на вештачки ѓубриња, средства за заштита на растенијата, врзувачки, горива и мазива за земјоделството („Службен лист на ФНРЈ", бр. 26/54, 32/54, 46/54, 7/55 и 51/55), се менуваат одредбите од точ. 1 под б), в) и г) и гласат:

**„б) Средства за заштита на растенијата:**

аа) од домашно производство:

| | (% од ПЦП) |
|---|---|
| ДДТ — течен | 70 |
| ДДТ — во прав | 55 |
| средства врз базата на динитроортокреозол | 75 |
| никотински средства | 82 |
| други средства за заштита на растенијата (освен син камен, зелена галица и живин прав) | 55 |
| бб) од увозот: | |
| паратионски средства и хормонални средства за отстранување плевелите | 55 |
| други средства (освен сумпор и живин прав) | 25 |

**в) Сисал-врзувачки и каделно влакно:**

| | (% од ПЦП) |
|---|---|
| сисал-врзувачка (од увозот) | 35 |
| сисал-врзувачка од увозот што ја преработуваат домашните фабрики | 35 |
| каделно влакно | 50 |

**г) Гориво и мазиво:**

| | (за 1 кг) |
|---|---|
| бензин | 30 |
| петрол за мотори | 30 |
| моторно уље | 110 |
| нафта | 32". |

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Р. п. бр. 405
24 ноември 1955 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Секретар,
**Вељко Зековиќ**, с. р.

Потпретседател,
**Светозар Вукмановиќ**, с. р.

## 553.

Врз основа на одделот 1 од главата XXVII и на одделот III од главата XXIX, а во врска со одделот 2 под б) главата II на Сојузниот општествен план за 1955 година, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ НАДОМЕСТУВАЊЕ (РЕГРЕС) ПРИ ПРОДАЖБАТА НА ОПРЕМА И РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

I. Во Одлуката за давање надоместување (регрес) при продажбата на опрема и резервни делови за земјоделството („Службен лист на ФНРЈ", бр. 26/54), се вршат следните измени:

1) Точ. 1 под в) се менува и гласи:

| | (% од ПЦП) |
|---|---|
| „тракторски плугови | 45 |
| дрлачи | 45 |
| брани | 45 |
| култиватори | 45 |
| тракторски сеалки за жито | 50 |
| тракторски косачки | 50 |
| моторни селектори | 50 |
| роналки за пченка | 45 |
| овошни штркалки | 50 |
| запрашувачи за овошје | 50 |
| преси за сено | 50 |
| сечалки | 50 |
| преси за грозје | 45 |
| пумпи за визбарство | 45 |
| растурувачи на ѓубре | 50 |
| самоврзачки | 50 |
| хидраулични преси за грозје | 45 |
| мотори со внатрешно согорување | 45 |
| електромотори и агрегати за електрично осветление | 45". |

2) Точ. 1 под г) се менува и гласи:

| | |
|---|---|
| „вршачки за жито и за сончоглед и уреди за детелина и ориз | 50 |
| елеватори и транспортери за жито и слама | 45 |
| мелници чекичари | 45 |
| приколици и други големи селскостопански машини и справи | 45". |

3) Во точ. 2 под а) се намалува процентот од 50 на 40.

4) Точ. 2 под б) се менува и гласи:

| | |
|---|---|
| „спрежни сеалки за пченка и памук, сортирачи на компир | 40 |
| овошни и лозјарски штркалки — превозни, рачни и грбни, запрашувачи за овошје и зарзават, рачни преси за грозје и пумпи за вино | 35". |

5) Во точ. 2 под в) се намалува процентот од 40 на 35.

6) Точ. 2 под г) се менува и гласи:

„резервни делови за селскостопански машини, орудија и справи:

| | |
|---|---|
| — од домашно производство | 55 |
| — од увозот | 50". |

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Р. п. бр. 406
24 ноември 1955 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Секретар,
**Вељко Зековиќ**, с. р.

Потпретседател,
**Светозар Вукмановиќ**, с. р.

**554.**

Врз основа на одделот 1 главата XXVII и одделот III главата XXIX, а во врска со одделот 2 под б) од главата 2 на Сојузниот општествен план за 1955 година, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ НАДОМЕСТУВАЊЕ (РЕГРЕС) ПРИ ПРОДАЖБАТА НА ИНДУСТРИСКИТЕ ПРОИЗВОДИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ПЧЕЛАРСТВОТО

1. Во Одлуката за давање надоместување (регрес) при продажбата на индустриските производи за пчеларството („Службен лист на ФНРЈ", бр. 26/54) се менуваат одредбите од точ. 1 под а), б) и в) и гласат:

| | (% од ПЦП) |
|---|---|
| „а) за справи | 30 |
| б) за кошници | 40 |
| в) за алат и прибор | 30". |

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Р. п. бр. 407
24 ноември 1955 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Секретар,
**Вељко Зековиќ**, с. р.

Потпретседател,
**Светозар Вукмановиќ**, с. р.

**555.**

Врз основа на ставот 2 одделот 1 главата XXVI на Сојузниот општествен план за 1955 година, Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ИЗМЕНА НА ТАРИФАТА ЗА ПРЕВОЗЕЊЕ СТОКИ ВО ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СООБРАЌАЈ

I. Во Тарифата за превозење стоки на пругите на Југословенските железници свеската 2 од 1 октомври 1952 година, се менуваат тарифните разреди за видовите стоки од следниве позиции:

1. во позицијата 27 — боксит — за следниве видови стоки:
   — боксит суров, од 18 на 24 тарифен разред;
   — боксит печен (пален), од 15 на 21 тарифен разред;
2. во позицијата 41 — за цемент, од 10 на 8 тарифен разред;
3. во позицијата 45 — за керамида од иловача, од 21 на 19 тарифен разред;
4. во позицијата 70 — дрво и изработки од дрво — за следниве видови стоки:
   — целулозно дрво, од 19 на 17 тарифен разред;
   — фурнири, шпер-плочи, панел-плочи, од 5 на 3 тарифен разред;
5. во позицијата 73 — за тутун суров, од 2 на 1 тарифен разред;
6. во позицијата 115 — за гасови (плинови) што се разврстани во 5 и 6, на 3 тарифен разред;
7. во позицијата 130 — железо и челик и изработки од железо и од челик — за следниве видови стоки:
   — производи од железо и од челик, што се разврстани во 12 и 10, на 8 тарифен разред;
   — производи од железо и од челик, што се разврстани во 7, 6, 5 и 4, на 3 тарифен разред;
   — лим и плочи, телови, цевки и други производи превлечени со цинк, со калај, со олово или со хартија лепени, што се разврстани во 4, како и производи од железо и од челик што се разврстани во 3 тарифен разред, на 2 тарифен разред;
   — старо железо, од 16 и 12 на 11 тарифен разред;
8. во позицијата 185 — керамички изработки — за видовите стоки што се разврстани во следниве тарифни разреди:
   — 15 на 13, 13 на 11, 8 на 7, 4 на 3 и 2 на 1 тарифен разред;
9. во позицијата 200 — концентрати на руди — за следниве видови стоки:
   — концентрат на цинк, од 15 на 13 тарифен разред;
   — концентрат на олово, од 13 на 7 тарифен разред;
10. во позицијата 218 — за вар обична, од 21 на 20 тарифен разред;
11. во позицијата 280 — за печен магнезит (каустичен или синтер-магнезит), од 11 на 12 тарифен разред;
12. во позицијата 310 — обоени метали — за следниве видови стоки:
    — цинк суров, од 3 на 2 тарифен разред;
    — сурово олово, од 5 на 3 тарифен разред;
    — тврдо олово и олово со цинк, од 4 на 2 тарифен разред;
    — изработки од олово, од 3 на 1 тарифен разред;
13. во позицијата 595 — за белутков песок, од 17 на 19 тарифен разред.

II. Во Тарифата за превозење стоки на пругите на Југословенските железници свеската 4 (исклучителни тарифи) од 1 декември 1954 година, се вршат следниве измени:

1. се намалуваат повластиците дадени во однос на редовната тарифа со покачувањето на возаринските ставови кај следниве позиции и видови стоки во внатрешниот сообраќај:
   Позицијата 019 — лигнит, за 15%;
   Позицијата 019 — мрки и камен јаглен, за 22%;
   Позицијата 028 — магнезит, за 41%;
   Позицијата 031 — железна руда и руда за темперирање, за 13%;
2. се укинуваат исклучителните тарифи предвидени за следниве позиции и видови стоки во внатрешниот сообраќај:
   012 — никулци од пченка; 014 — шеќерна репка; 022 — кокс; 024 — вар, камен, тула и керамида; 026 — белутков песок; 027 — боксит; 029 — синтер-магнезит; 030 — смеса за обложување куполни печки и конвертори; 035 — селскостопански машини и справи; 036 — трактори; 038 — камења, рибини конзерви и сол;
3. се укинуваат исклучителните тарифи за извоз предвидени за следниве позиции:
   209 — печен магнезит; 217 — сено и 218 — слама, доколку важат за извоз преку граничните премини;
4. се укинуваат исклучителните тарифи за увоз предвидени за следниве позиции:
   301 — камен јаглен; 303 — селскостопански машини и справи; 304 — трактори и 305 — вештачки ѓубриња, доколку важат за увоз преку граничните премини.

III. Се овластува генералниот директор на Југословенските железници да ги спроведе соодветните измени и во тарифите што важат за колосек со ширина 0,60 метра.

IV. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ", а ќе се применува од 1 декември 1955 година.

Р. п. бр. 397
19 ноември 1955 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Секретар,
**Вељко Зековиќ**, с. р.

Потпретседател,
**Светозар Вукмановиќ**, с. р.

**556.**

Врз основа на ст. 5 во одделот 2 од главата XXV на Сојузниот општествен план за 1955 година, а во врска со точ. I под 3 од Одлуката за овластување Одборот за стопанство да донесува решенија по работите од надлежноста на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 20/54), Одборот за стопанство на Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАБРАНА НА ИЗВОЗОТ И ЗА КОНТИНГЕНТИРАЊЕ НА ПРОИЗВОДИТЕ НАМЕНЕТИ ЗА ИЗВОЗ

1. Во точ. 1 под а) од Решението за забрана на извозот и за контингентирање на производите наменети за извоз („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 8/55), во гранката 114 (Црна металургија) по зборовите „железна руда;“ се придаваат зборовите „сиво сурово железо;“.

2. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ“, а ќе се применува на сите количини сиво сурово железо неизвезени до денот на потпишувањето на решението.

**Сојузен извршен совет**

О.с. бр. 218
19 ноември 1955 година
Белград

Го застапува Претседателот
на Одборот за стопанство,
**Добривоје Радосављевиќ**, с. р.

**557.**

Врз основа на одделот 2 главата XXV од Сојузниот општествен план за 1955 година, а во врска со точ. I под 1 од Одлуката за овластување Одборот за стопанство да донесува решенија по работите од надлежноста на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 20/54), Одборот за стопанство на Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА СПИСОКОТ ЗА ВИДОВИТЕ СТОКИ И КОЕФИЦИЕНТИТЕ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ РАЗЛИКАТА ВО ЦЕНИТЕ ПРИ ИЗВОЗОТ

I. Во Списокот за видовите стоки и коефициентите за пресметување разликата во цените при извозот, кој е составен дел од Решението за видовите стоки и услуги и за висината на коефициентите за пресметување разликата во цените при извозот („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 50/54), се вршат следните измени и дополненија:

1. Во гранката 116 (Неметали) редниот број 18 се менува и гласи:

„18. Луксузно стакло — — коефицијент 2,00“.

2 Во гранката 124 (Текстилна индустрија) редниот број 25 се менува и гласи:

„25. Текстилни отпаци:
а) од природне свиле — коефицијент 0,50
б) остали — — — — — коефицијент 0,75“.

3. Во гранката 124 (Текстилна индустрија) се придава нов реден број 35, кој гласи:

„35. Конфекција од памучних и целволних тканина:
а) лака — рубље — — — коефицијент 2,70
б) тешка — — — — — — коефицијент 2,90“.

II. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ“.

**Сојузен извршен совет**

О.с. бр. 216
19 ноември 1955 година
Белград

Го застапува Претседателот
на Одборот за стопанство,
**Добривоје Радосављевиќ**, с. р.

**558.**

Врз основа на точ. 3 од Одлуката за давање надоместок (регрес) за поправањата на рибарските бродови и колчари („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 31/55), а по предлог од Сојузот на селскостопанските комори на ФНРЈ, Одборот за стопанство на Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОДОБРУВАЊЕ НАДОМЕСТОК (РЕГРЕС) НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ЗА БРОДОГРАДБА ШТО ВРШАТ ПОПРАВАЊЕ НА РИБАРСКИ БРОДОВИ И КОЛЧАРИ

1. На претпријатијата за бродоградба, што на рибарските претпријатија им вршат поправања на рибарски бродови колчари, им се одобрува надоместок (регрес) во височина од 50% од цената на услугите.

2. Вкупниот износ на надоместокот по основот од претходната точка не може да го премине во 1955 година износот од 36 милиони динари.

3. Се овластува сојузниот државен секретар за работи на народното стопанство да донесува, по потреба, поблиски прописи за спроведување на ова решение.

4. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ“.

**Сојузен извршен совет**

О. с. бр. 222
24 ноември 1955 година
Белград

Претседател
на Одборот за стопанство,
**Светозар Вукмановиќ**, с. р.

**559.**

Врз основа чл. 2 од Уредбата за организацијата и работата на Управата за цивилно воздухпловство („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 21/53), а во согласност со Сојузниот извршен совет, пропишувам

## ПРАВИЛНИК
### ЗА ЦИВИЛНОТО ВОЗДУХОПЛОВНО ЕДРИЛИЧАРСТВО

#### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со цел за успешно и безбедно користење на цивилните воздушни едрилици, нивното градење, одржувањето и чувањето, како и воздушното едрење, се наоѓаат под надзор на надлежните воздухопловни органи или на други органи овластени за надзор.

Член 2

Воздушните едрилици се изработуваат како прототипови и сериски типови на сите видови во работилниците и во фабриките што се за тоа овластени, а под надзор на контролор на изработката.

Начинот на спроведувањето надзор при изработката на воздушните едрилици за цивилна употреба го определува Управата за цивилно воздухопловство.

Член 3

Цивилните воздушни едрилици можат да се употребуваат за воздушно едрење во воздушниот простор на Југославија само ако имаат уверение дека се запишани во регистарот и уверение за пловидбеност издадено од Управата за цивилно воздухопловство. Овие уверенија мораат да се наоѓаат во едрилицата при секое воздушно едрење и да се покажат по барање од надлежниот орган.

Член 4

Со цивилни воздушни едрилици можат да управуваат како пилоти-едриличари само лицата што се оспособени за тоа и кои имаат соодветна дозвола за работа на летачкиот персонал на цивилното воздухопловство издадена од Управата за цивилно воздухопловство.

Член 5

Воздушни едрења на митинзи и натпревари на цивилното воздухпловно едриличарство, што ги организираат воздухопловни или спортски организации, можат да се вршат само по претходно издадено одобрение од Управата за цивилно воздухопловство.

## II. ВОЗДУШНИ ЕДРИЛИЦИ

Член 6

Воздушна едрилица е воздухоплов без движечка сила на мотор, а чие одржување во воздухот се постигнува главно со аеродинамички реакции врз површините што остануваат неподвижни при определени услови на летањето.

Цивилните воздушни едрилици се делат на видови, со оглед на нивната употреба и намена.

Со оглед на употребата, цивилните воздушни едрилици се делат на:

1) лизгачи,
2) школски,
3) тренажни,
4) високоспособни,
5) специјални.

Со оглед на намената, цивилните воздушни едрилици се делат на:

1) копнени воздушни едрилици,
2) хидроедрилици.

Цивилните воздушни едрилици од сите приведени видови можат да бидат: едноседи, двоседи и повеќеседи.

Член 7

Секое градење на прототип, како и на сериски тип на цивилна воздушна едрилица, мора претходно да му биде пријавено на надлежниот воздухопловен орган или на органот специјално овластен за тоа.

Органите од претходниот став должни се, по приемот на пријавата, да воспостават и да вршат контрола на цивилна воздушна едрилица така што градењето да се изведува според определените нацрти и технички прописи утврдени за односниот тип цивилна воздушна едрилица.

Член 8

Модификации на цивилна воздушна едрилица можат да се вршат само по писмено одобрение од нејзиниот конструктор или производител, а во согласност со Управата за цивилно воздухопловство.

Член 9

Поправање и ревизии на цивилни воздушни едрилици можат да се вршат само во овластени за тоа работилници и фабрики, а според нацртите за односниот вид или тип цивилна воздушна едрилица.

Сите поправања и ревизии на цивилни воздушни едрилици задолжително се вршат под надзор на овластени стручњаци.

Член 10

Употребата на цивилни воздушни едрилици за воздушни едрења, се врши според упатството за употреба и користење на воздушни едрилици, што е должен да го издаде за секој вид и тип воздушна едрилица конструкторот или производителот на воздушната едрилица.

Член 11

Цивилните воздушни едрилици мораат да имаат соодветна опрема (инструменти и уреди) со оглед на целта за која се користат.

Воздушните едрилици што се употребуваат за воздушни едрења без надворешна видливост или ноќе, треба да бидат снабдени и со уреди за радиоврска во воздухот и со земјата.

Ако воздушните едрилици не се снабдени со радио-уреди за врска, едрења без надворешна видливост или ноќе можат да се вршат само по претходна пријава и одобрение од надлежниот орган за обез-[illegible]вање на воздушната пловидба.

Член 12

Срокот за траење на цивилната воздушна едрилица го определува конструкторот односно производителот и тоа според видот и типот на едрилицата. Овој срок може да се определи: на определен број летања, на определен број часови воздушно едрење или на определено време за употреба.

По истекот на определениот срок за траење воздушната едрилица мора да се повлече од употреба или да се испрати на ревизија.

Член 13

Секоја цивилна воздушна едрилица мора да биде запишана во регистарот што го води Управата за цивилно воздухопловство. Врз основа на извршеното запишување Управата за цивилно воздухопловство издава уверение за запишувањето (за иматрикулацијата).

На трупот или на опашката на цивилната воздушна едрилица мораат да бидат испишани ознаки на регистрацијата и на националноста на едрилицата.

Ознаките за регистрацијата се состојат од четирицифрени броеви, чија комбинација ја определува Управата за цивилно воздухопловство при запишувањето на цивилна воздушна едрилица во регистар. Комбинацијата на цифрите се определува така што првата цифра секогаш да го означува видот на едрилицата.

Ознаката на националноста е составена од латинските букви „YU".

## III. ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕДИ НА ЕДРИЛИЦИ

Член 14

Сите цивилни воздушни едрилици подлежат на задолжителен технички преглед.

Со техничкиот преглед се утврдува дали воздушната едрилица е во исправна состојба и дали е способна за безбедно воздушно едрење.

Цивилна воздушна едрилица смее да се употребува само ако со техничкиот преглед е утврдено дека е во исправна состојба и дека е способна за безбедно воздушно едрење.

Член 15

Техничките прегледи се редовни и вонредни.

Редовните прегледи се вршат:

1) при првото испробување на едрилицата;
2) во пропишаните временски срокови (периодични прегледи);
3) пред секое учествување на воздушна едрилица на јавни приредби, натпревари и митинзи;
4) пред секоја употреба за воздушно едрење.

Вонредните прегледи се вршат:

1) после поголемите поправки или ревизии извршени на едрилицата;
2) после грубите слетнувања и после поголеми оптоварувања на конструкцијата на едрилицата;
3) кога ќе се укаже потреба за преглед.

Член 16

Техничкиот преглед на цивилна воздушна едрилица при првото испробување на едрилицата, како и периодичните прегледи, ги врши за тоа определената комисија, а техничкиот преглед пред секоја употреба на воздушна едрилица го врши соодветниот раководител на воздушното едрење.

Техничкиот преглед се врши на начинот пропишан во техничките прописи за односниот тип воздушна едрилица и според упатството од Управата за цивилно воздухопловство.

По извршениот технички преглед наодот се запишува во книгата за воздушни едрења. Наодот го потпишува и печат удира претседателот на комисијата односно одговорниот раководител што го извршил прегледот.

Член 17

Испитувањата и испробувањата на воздушни едрилици во воздухот се вршат со новоизградени едрилици — прототипови, со едрилици изработени

во серија, како и со воздушни едрилици по извршените ревизии и поголеми поправки.

Испитувањата и испробувањата на воздушни едрилици во воздухот можат да ги вршат само лицата што покрај дозволата за работа на летачкиот персонал на цивилното воздухопловство имаат и специјално овластение за опит и испитување на едрилици.

## IV. ИСПРАВИ ЗА ВОЗДУШНИТЕ ЕДРИЛИЦИ

Член 18

Цивилна воздушна едрилица може да се употреби за воздушно едрење само ако е снабдена со следните исправи:

1) со уверение дека е запишана во регистарот (иматрикулацијата);

2) со уверение за пловидбеноста;

3) со книга за воздушни едрења;

4) со дозвола за работа на радио-станицата, ако на воздушната едрилица има станица.

Член 19

Уверението дека цивилната воздушна едрилица е запишана во регистарот (иматрикулацијата), покрај основните податоци за видот, типот и сопственикот или корисникот на цивилната воздушна едрилица, мора да содржи и ознаки на националноста и на регистрацијата, кои се напишани на трупот или на опашката од едрилицата.

Член 20

Уверението за пловидбеноста мора да содржи податоци за односниот вид и тип цивилна воздушна едрилица, како и податоци за ограничувањата при употребата, кои постојат за односниот вид или тип едрилица.

Ова уверение служи како доказ за способноста и употребливоста на едрилицата за воздушни едрења.

Член 21

Условите за издавање уверение за запишувањето во регистарот и уверение за пловидбеноста, обрасците на уверенијата и нивната содржина, начинот и постапката при издавањето, времето на важењето, начинот на продолжувањето односно на обновувањето или на замената и сето друго што е во врска со уверението за запишувањето и за пловидбеноста — се определува со одделни прописи од Управата за цивилно воздухопловство.

Член 22

Во книгата за воздушни едрења се запишуваат податоците за цивилната воздушна едрилица и за нејзините особини (полетнувања, слетнувања, часови на воздушно едрење, услови под кои е вршено едрењето, височина и сл.), како и сите станати промени во врска со воздушната едрилица. Во книгата за воздушни едрења задолжително се внесуваат и сите наоди на техничките прегледи од чл. 16 на овој правилник.

Образецот на книгата за воздушни едрења го пропишува Управата за цивилно воздухопловство. Запишувањата во книгата за воздушни едрења ги врши производителот на едрилицата, односно за промените — сопственикот или корисникот на едрилицата, а ги заверува контролниот орган. Книгата за воздушни едрења мора да се води четливо и редно, без никакви бришења или прецртувања.

Член 23

Дозволата за употреба на радио-станица во цивилна воздушна едрилица ја издава органот овластен со одделен пропис.

## V. ВОЗДУШНИ ЕДРЕЊА

### А. Поделба на воздушните едрења

Член 24

Воздушните едрења се вршат со цел на:

1) почетна обука;

2) обука заради здобивање со поодделни звања во цивилното воздухопловно едриличарство;

3) обука во аерозапрега;

4) обука во акробации со воздушни едрилици;

5) обука во воздушно едрење без надворешна видливост или ноќе;

6) извршување на одделни задачи.

Член 25

Воздушните едрења со одделна задача можат да бидат:

1) испитувања на воздушни едрилици;

2) постигања на определени спортски успеси;

3) разни видови воздушни едрења заради испитување и истражување нови терени и нови видови едрење;

4) прелетнувања со цивилни воздушни едрилици — во запрега или слободно.

### Б. Услови за воздушни едрења

Член 26

Воздушните едрења од претходните членови на овој правилник можат да се вршат само под определените услови приведени во овој правилник и во прописите за безбедноста на летањето во воздушниот простор на Југославија.

Можноста за извршување воздушно едрење од определен вид ја оценува определениот раководител на воздушното едрење, со оглед на способноста на лицето што ќе го врши воздушното едрење и со оглед на временските услови соопштени од метеоролошката станица, или, ако овие ги нема, со оглед и на проценката од страна на определениот и одговорниот раководител на воздушното едрење.

Член 27

Временските услови за воздушните едрења од чл. 24 на овој правилник се следните:

1) за почетната обука и школување, на воздушните едрилици од сите видови и типови: брзина на ветерот до 5 м/сек.; видливост најмалу 3 км и височина на долната граница на облакот најниско 200 м/sol;

2) за обука заради здобивање со поодделни звања во цивилното воздухопловно едриличарство, на воздушните едрилици од сите видови и типови: брзина на ветерот од 8—20 м/сек. (со оглед на дотогаш здобиени стручни способности на лицето што го врши воздушното едрење), видливост најмалу 5 км и височина на долната граница на облакот најниско 300 м/sol;

3) за обука во аерозапрега, на воздушните едрилици од сите видови и типови: брзина на ветерот до 8 м/сек., видливост најмалу 5 км и височина на долната граница на облакот најниско 300 м/sol;

4) за обука во акробации, со воздушни едрилици способни за оваа цел: брзина на ветерот до 8 м/сек., видливост најмалу 5 км и височина на долната граница на облакот најниско 800 м/sol;

5) за обука при летање без надворешна видливост и ноќе на воздушните едрилици способни и опремени за оваа цел: брзина на ветерот од 8—20 м/сек., видливост дење најмалу 5 км, а ноќе 2 км и височина на долната граница на облакот најниско 500 м/sol;

6) за воздушните едрења со одделна задача — временските услови се ограничени со самата задача и се во зависност од видот на воздушната едрилица.

Член 28

Забранети се полетнувањата на цивилните воздушни едрилици и воздушните едрења, без оглед на целта за која се вршат, кога има бура, луња, вијулица, веавица, магла или кога на аеродромот врне дожд.

Исто така, забрането е секое слетнување на цивилните воздушни едрилици на теренот кога има магла. Ако во такви случаи воздушната едрилица не може да доедри до теренот на кој нема магла, пилотот-едриличарот е должен да ја напушти воздушната едрилица и да се спушти на земјата со помошта на падобран.

Член 29

Воздушни едрења со цивилни воздушни едрилици можат да вршат само лицата:

1) кои не се помлади од 15 години;

2) кои ги исполнуваат условите на физичка и душевна способност за летачкиот персонал на цивилното воздухопловство, определени со одделни прописи;

3) кои имаат ученичка дозвола или основна дозвола за пилот на едрилица, или дозвола за пилот на едрилица;

4) кои се оспособени и со успех ги совладале претходните приготвителни вежби за воздушни едрења;

5) кои се запознаени со особините на материјалот, со типот на воздушната едрилица со која ќе го извршат воздушното едрење, како и со нејзината издржливост;

6) кои се запознаени со прописите што постојат за летање, за сигнализација и за користење на аеродромот;

7) кои се снабдени со потребна опрема за безбедно едрење.

### В. Користење аеродромот за воздушни едрења

Член 30

Секој цивилен аеродром кој се користи за полетнување и слетнување на воздушни едрилици мора да има упатство за негово користење за воздушни едрења, што го пропишува управата на тој аеродром.

Ова упатство задолжително содржи одредби:

1) за поставување стартот на вителот односно стартот на аерозапрегата при сите правци на ветерот;

2) за движење на луѓето и на техничките средства, како и на возилата, при секое поставување стартот одделно;

3) за зоните на стартот на вителот односно на стартот на аерозапрегата;

4) за зоните за работа: на воздушното едрење, на едрењето без надворешна видливост и на акробациите;

5) за стајанки на воздушните едрилици и авионите;

6) за забранети зони, според потреба;

7) за меѓусебен однос на раководителот на воздушното едрење и раководителот на летањето (односно на контролата на летањето).

Член 31

Воздушните едрења не се дозволени на аеродромите на кои не е организирана служба за укажување брза помош и за заштита од евентуален пожар.

### Г. Раководење со воздушното едрење

Член 32

На секој аеродром на кој се вршат воздушни едрења, како и при одржување митинзи и натпревари во цивилното воздухопловно едриличарство, мора да се одреди раководител на воздушното едрење.

Раководителот на воздушното едрење е должен да се грижи воздушните едрења да се изведуваат според воздухопловните прописи што постојат, како и да се грижи за безбедноста на лицата во воздухот и на лицата и имотот на земјата. Тој е одговорен за одржувањето на дисциплината на едрењето.

Секое лице што се наоѓа на аеродромот или врши некаква летачка служба во воздушното едрење, должно е во се' да се придржува за наредбите и упатствата издадени од определениот раководител на воздушното едрење.

### Д. Изведување на обуката во воздушно едрење

Член 33

Изведувањето на обуката на воздушното едрење од кој и да е вид од чл. 24 на овој правилник може да се врши само под надзор од определениот раководител на едрењето, кој покрај соодветната дозвола за работа на летачкиот персонал на цивилното воздухопловство мора да има и важечко специјално овластување за наставник по летање.

Определените раководители на едрењето односно наставниците по летање мораат да ги познаваат способностите на своите ученици за воздушно едрење, и должни се тие нивни способности постојано и благовремено да ги проверуваат.

Член 34

Учениците и други лица што се обучуваат во воздушно едрење од кој и да е вид, во случаите кога поставената задача во воздушното едрење не им е јасна, или кога поставената задача не е во склад со нивните способности за извршување, или кога нивната психичка или здравствена состојба не им одговара на претстојните напори во воздушното едрење и сл., должни се за тоа да го известат својот наставник односно определениот раководител на едрењето, и во такви случаи и самите да се воздржат од воздушното едрење.

Исто така, определените раководители на воздушното едрење односно наставниците по летање, ако при приготвувањето за воздушно едрење ќе утврдат неприготвеност на учениците или на други лица, нивна недисциплинираност, непознавање на задачата или недоволна физичка или психичка способност за воздушно едрење, должни се на такво лице да му забранат воздушно едрење.

Член 35

Изведување на практичната обука и настава во воздухот со учениците на двоседи на цивилни воздушни едрилици можат да вршат само лицата што имаат соодветна дозвола за работа на летачкиот персонал на цивилното воздухопловство со специјално овластување за наставник по летање.

### Ѓ. Приготвувања за воздушни едрења

Член 36

Ниедно воздушно едрење не смее да се изврши додека претходно не се изврши стручно навигационо и техничко приготвување.

Задачата на приготвувањето е да се осигури безбедното воздушно едрење и до најголема мерка да се отстранат уочливите недостатоци што би можеле да го попречат правилното и безбедното воздушно едрење.

Приготвувањата за воздушни едрења опфаќаат:

1) приготвување на воздушната едрилица и на опремата;

2) приготвување на пилотот-едриличар;

3) контрола на извршените приготвувања.

Член 37

Приготвувањето на воздушната едрилица и на опремата се состои од стручен преглед на исправноста на командите, уредите и сите делови на воздушната едрилица; од преглед на исправноста и од употполнување опремата на едрилицата; од преглед на исправите на едрилицата и сл.

Приготвувањето на пилотот-едриличар за воздушно едрење се состои од проверување познавањето на користењето на односниот вид и тип на воздушна едрилица и на уредите и опремата на неа; од проверување познавањето на задачата и на личната подготвеност на пилотот-едриличар за таа задача, од проверување знаењето за користење на падобранот и техниката на скокањето со падобран, од анализа на метеоролошките услови според метеоролошкиот билтен, од проверување на психичката и здравствената состојба на лицето што ќе го изврши воздушното едрење, од проверување познавањето на прописите што постојат за безбедноста на едрењето и сигнализацијата, како и од користење аеродромот и од проверување на летачките исправи на тоа лице.

Контролата на извршените приготвувања за воздушно едрење се состои од проверување на сите напред приведени приготвувања, што ги врши определениот раководител на воздушното едрење или органот од цивилното воздухопловство.

### Е. Постапки при воздушно едрење

Член 38

Секое лице што врши воздушно едрење со цивилна воздушна едрилица должно е во се' да се придржува за техничките услови за безбедно воздушно едрење.

При секое воздушно едрење, а особено на височините над 300 m/sol, секое лице што врши едрење за која и да е цел, мора во својата опрема да има падобран и мора да биде обучено во ракување со падобран.

Член 39

Полетнувањето со воздушни едрилици мора да биде извршено во правецот спротивен од правецот на ветерот. Полетнувањето се врши со помошта на вител или на аерозапрега, односно со влечење од земјата со помошта на челично јаже или со шлепување за моторен авион, односно на друг вообичаен начин (гумено јаже, влечење со автомобил и слично).

Член 40

Моторните авиони што се користат за аерозапрега мораат да бидат опремени за тоа, а нивните посади мораат да бидат запознаени со работата на реморкирање — шлепување на воздушни едрилици и обучени за таа работа, и мораат да имаат специјално овластување за влечење едрилици издадено од Управата за цивилно воздухопловство со соодветната дозвола за летачкиот персонал на цивилното воздухопловство.

Член 41

Влечењето на воздушните едрилици со вител односно реморкирањето со моторен авион се врши на дадениот знак. Знакот за полетнување смее да се даде дури кога пилотот-реморкер и моторниот авион и пилотот-едриличар и воздушната едрилица ќе бидат приготвени за полетнување.

Знакот за полетнување не смее да се даде ако во просторот за 45° лево и десно од правецот на полетнувањето на воздушната едрилица се наоѓаат други авиони, воздушни едрилици, луѓе или некакви технички средства или возила — така што тоа би претставувало пречка и опасност за полетнување.

Полетнувањето исто така не смее да се одобри се' додека во воздухот во правецот на полетнувањето, а според проценката на определениот раководител на едрењето, постои каква и да е пречка која би можела да предизвика несреќа.

Член 42

При полетнувањето на воздушната едрилица на стартот на вителот, како и на стартот на запрегата, мораат да се наоѓаат определените стручни лица со цел за укажување техничка помош, како и за случај потреба од укажување брза помош и за заштита од пожар.

Член 43

Воздушните едрења на височините над 4000 m/sol се забранети ако пилотот-едриличар или посадата на едрилицата не се снабдени со уреди за инхалација — за вдишување кислород. Овие уреди тие мораат да ги употребат над приведената височина.

Член 44

При воздушното едрење „на падина", кога воздушните едрилици летаат на иста или скоро иста височина или во пресрет, една на друга и' прават место на тој начин што воздушната едрилица која едри од надворешната страна на падината, скршнува надесно.

Престигнувањето на воздушните едрилици и воздушното едрење „на падина", кога се на иста и скоро иста височина, се врши секогаш со обиколување во страната на падината.

При воздушното едрење „на падина" забрането е влегувањето во облак или едрењето без надворешна видливост.

Член 45

Кога две или повеќе воздушни едрилици едрат во ист „термички столб" со мала меѓусебна височинска разлика, пилотите-едриличари задолжително кружат во онаков заокрет (лев или десен) во каков заокрет го отпочнал кружењето првиот, претходниот, пилот-едриличар.

Најмала дозволена височина на кружењето „во термички столб" е 150 m/sol.

Член 46

На воздушната едрилица што не е опремена за воздушно едрење без надворешна видливост, забрането и' е при воздушното едрење да влегува во облак.

Исто така, забрането е воздушното едрење во облакот ако во него веќе се наоѓа една воздушна едрилица. По исклучок тоа може да го одобри надлежниот орган за време натпреварите во воздушно едрење, но само ако постои радио-врска.

Член 47

Акробации со воздушни едрилици смеат да се вршат на височините над 400 m/sol, и тоа само со воздушни едрилици изработени и наменети за такви цели. Лицата што вршат акробации со воздушни едрилици мораат да имаат, покрај соодветната дозвола за работа на летачкиот персонал на цивилното воздухопловство и специјално овластување за акробатско летање. Тие можат да бидат и ученици што се обучуваат за акробатско летање.

Забрането е да се вршат акробации со воздушни едрилици на височините под 400 m/sol, а на која и да е височина над населените места, како и над местата каде што безбедноста на луѓето и на имотот во воздухот и на земјата не е доволно осигурена.

Член 48

Слетнувањето на воздушните едрилици се врши во правецот спротивен од правецот на ветерот, на определената зона, а според упатството за користење аеродромот и според наредбите од раководителот на едрењето..

Секое слетнување на воздушна едрилица мора да биде извршено од пропишаниот аеродромски круг за летање. Најмала височина за влез во овој круг е 150 m/sol.

**Ж. Сигнали**

Член 49

При воздушните едрења се употребуваат определените сигнали за означување правецот на полетнувањето и на слетнувањето, за одобрување полетнувањето, забрана на слетнувањето и задолжително слетнување, за опасност и барање помош и сл.

Сигналите, нивниот изглед и начинот на употребата ги пропишува Управата за цивилно воздухопловство.

Член 50

Секое лице што врши воздушно едрење, како и лицата што раководат со воздушното едрење се задолжени да раководат со воздушното едрење, се задолжени да ги познаваат сите сигнали од претходниот член, заради правилна и безбедна употреба.

## VI. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 51

За воздухопловен прекршок ќе се казни со парична казна:

1) до 10.000 динари:

а) одговорното лице во воздухопловна или спортска организација што ќе дозволи воздушните едрења да се вршат со воздушни едрилици што не се регистрирани или што не се прегледани со цел на утврдување нивната пловидбеност;

б) одговорното лице во воздухопловна или спортска организација што ќе организира митинзи или натпревари во цивилно воздухопловно едриличарство без дозвола од Управата за цивилно воздухопловство;

в) лицето што без писмено одобрение од конструкторот или од производителот на воздушната едрилица и без согласност од Управата за цивилно воздухопловство ќе изврши модификација на воздушната едрилица и така модифицирана ќе ја употреби за воздушни едрења;

г) одговорното лице, или сопственикот, или корисникот на воздушната едрилица, кој во книгата за воздушни едрења не ќе ги внесе сите податоци за промените на воздушната едрилица.

# РЕШЕНИЈА

Врз основа на точ. 5 од Одлуката за основање Сојузна комисија за физичка култура и точ. I под 4) од Одлуката за овластување на Координациониот одбор да донесува решенија во работите од надлежноста на Сојузниот извршен совет, Координациониот одбор на Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ НОВИ ЧЛЕНОВИ НА СОЈУЗНАТА КОМИСИЈА ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА

Покрај членовите именувани со Решението на Сојузниот извршен совет Б. бр. 1652 од 12 јули 1955 година („Службен лист на ФНРЈ", бр. 37/55), во Сојузната комисија за физичка култура се именуваат за членови уште и:

Милка Миниќ, претседател на Одборот за просвета на Извршниот совет на НР Србија,

др Воја Стојановиќ, претседател на Секцијата на спортските лекари на Југославија,

Милан Ерцеган, директор на Спортскиот институт при Сојузот на спортовите на АП Војводина, и

Милица Шепа, доцент на Државниот институт за физичка култура.

Б. бр. 1763
16 ноември 1955 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Александар Ранковиќ**, с. р.

---

Врз основа на чл. 5 од Уредбата за Институтот за напоредно право и точ. I под 4) од Одлуката за овластување на Координациониот одбор да донесува решенија во работите од надлежноста на Сојузниот извршен совет, а на предлог од Советот на Институтот, Координациониот одбор на Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ИНСТИТУТОТ ЗА НАПОРЕДНО ПРАВО

Се назначува за директор на Институтот за напоредно право др Борислав Т. Благојевиќ, редовен професор на Правниот факултет во Белград.

Б. бр. 1762
16 ноември 1955 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Александар Ранковиќ**, с. р.

---

Врз основа на чл. 6 од Уредбата за Институтот за меѓународна политика и стопанство и точ. I под 4) од Одлуката за овластување на Координациониот одбор да донесува решенија во работите од надлежноста на Сојузниот извршен совет, Координациониот одбор на Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ИНСТИТУТОТ ЗА МЕЃУНАРОДНА ПОЛИТИКА И СТОПАНСТВО

Се назначува за директор на Институтот за меѓународна политика и стопанство Влајко Беговиќ, досегашен директор на дневниот весник „Борба".

Б. бр. 1761
16 ноември 1955 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Александар Ранковиќ**, с. р.

# ОД СЛУЖБЕНИТЕ ЛИСТОВИ НА НАРОДНИТЕ РЕПУБЛИКИ

### СЛУЖБЕНИ ЛИСТ НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ ЦРНЕ ГОРЕ

„Службени лист Народне Републике Црне Горе" во бројот 23 од 10 октомври 1955 година објавува:

**Извештај** на Изборната комисија на Народна Република Црна Гора за дополнителните избори за народен пратеник на Соборот на производителите на Народната скупштина на Народна Република Црна Гора одржани во Изборната околија Иванград.

### СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Народна Република Македонија" во бројот 29 од 27 септември 1955 година објавува:

**Уредба** за издавање пасиштата од општонароден имот на користење по пат на јавно наддавање;

**Правилник** на Фондот за кадрови на Трговската комора на НРМ;

**Правилник** на Фондот за кадрови на Сојузот на угостителските комори на НР Македонија;

**Наредба за** одредување цени (ценовник) за надоместок на штетите причинети на јавните патишта од I, II, III и IV ред.

## СОДРЖИНА:

Страна

550. Указ за прогласување Законот за радиодифузните станици — — — — — — 781
551. Одлука за износите на средствата во резервниот фонд и на кауциите за вршење надворешнотрговски работи — — — — 785
552. Одлука за измени на Одлуката за давање надоместување (регрес) при продажбата на вештачки ѓубриња, средства за заштита на растенијата, врзувачки, горива и мазива за потребите на земјоделството — — 788
553. Одлука за измени на Одлуката за давање надоместување (регрес) при продажбата на опрема и резервни делови за потребите на земјоделството — — — — — — 786
554. Одлука за измена на Одлуката за давање надоместување (регрес) при продажбата на индустриски производи за потребите на пчеларството — — — — — — — 789
555. Решение за измене на Тарифата за превозење стоки во железничкиот сообраќај — 789
556. Решение за дополнување Решението за забрана на извозот и контингентирање на производите наменети за извоз — — — 790
557. Решение за измени и дополненија на Списокот за видовите стоки и коефициентите за пресметување разликата во цените при извозот — — — — — — — — — 790
558. Решение за одобрување надоместок (регрес) на претпријатијата за бродоградба што вршат поправање на рибарски бродови и колчари — — — — — — — — — 790
559. Правилник за цивилното воздухопловно едриличарство — — — — — — — — 799
560. XI Конкурс за давање инвестициони заеми од средствата на Општиот инвестиционен фонд за набавка на товарни автомобили (камиони) за потребите на превозот на селскостопански производи и огрев — 795

**Издавач: „Службен лист на ФНРЈ" — новинско-издавачко претпријатие — Белград, Улица Краљевиќа Марка бр. 9. — Директор и одговорен уредник Слободан М. Нешовиќ, Улица Краљевиќа Марка бр. 9. Печат на Белградскиот графички завод, Белград**